MAN
Makedonska Asocijacija na Novinari
Macedonian Association of Journalist

**<u>Предмет: Соопштение</u>**

Македонската асоцијација на новинари(МАН) укажува дека ЗНМ и Синдикатот на новинари немаат никакво право да бараат нова законска регулатива за медиуми или закон за медиуми, бидејќи не се носи закон за медиуми, туку закон за цензура на телевизиите.

Бидејќи над 90 проценти од медиумските работници во телевизиите се членови на Македонската асоцијација на новинари, МАН смета дека реформи во медиумскиот сектор не се потребни.

МАН итно бара ЗНМ и Синдикатот на новинари како експоненти на СДСМ, заедно со таа политичка партија да престанат да прават притисоци врз медиумите и да престанат да изигруваат цензор со што медиумите треба да им овозможат да дојдат на власт без избори.

МАН смета дека постоечките закони за медиумската област се добра основа за реализација на слободата на изразување и слобода на медиумите што впрочем може да се види од настапите на членовите на ЗНМ и тн. Синдикат.

**Скопје, 14.03.2016**

**МАН, Македонска асоцијација на новинари**

**Man.mk**